# ЗАКОН ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат постапката за воведување, изменување и престанување на важење на рестриктивните мерки, спроведувањето, координацијата, евиденцијата, надзорот и други прашања кои се однесуваат на рестриктивните мерки.

### Член 2

Рестриктивни мерки во смисла на овој закон се мерките кои имаат за цел одржување на меѓународниот мир, безбедноста, почитувањето на човековите права и основните слободи и развојот на демократијата и владеењето на правото кои се воведуваат, изменуваат или престануваат врз основа на:

а) правно обврзувачки резолуции на Советот за безбедност на Обединетите нации;

б) правни акти на Европската Унија;

в) правни акти на други меѓународни организации во кои членува Република Македонија во согласност со меѓународното право;

г) барање од надлежен орган на друга држава за воведување, изменување или престанување на важење на финансиски мерки против тероризам и/или пролиферација или

д) други акти согласно со овој закон.

### Член 3

Рестриктивните мерки може да се применат кон една или повеќе држави, меѓународни организации, физички лица, правни лица, групи и/или организации опфатени со членот 2 од овој закон (во натамошниот текст: определени лица).

### Член 4

Видови на рестриктивни мерки се:

а) ембарго на стоки и услуги;

б) ембарго на оружје;

в) забрана за влез во Република Македонија;

г) финансиски мерки и

д) други мерки согласно со меѓународното право.

## Член 5

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) „Ембарго на стоки и услуги“ е целосна или делумна забрана на увоз, извоз и транзит на стоки, давање услуги, трансфер на технологии и активности поврзани со трговијата на стоки и услуги кои се предмет на забраната;

2) „Ембарго на оружје“ е целосна или делумна забрана на трговија со оружје и воена опрема и давање на техничка помош и донации во финансиски средства, оружје и воена опрема на определените лица на кои се однесува забраната;

3) „Забрана за влез“ е забрана за влез и транзитирање преку територијата на Република Македонија на лица од странство на кои се однесува рестриктивната мерка;

4) „Финансиски мерки“ се забрана за користење, пренос, конверзија, трансфер или друг вид на располагање со имот, забрана на ставање на располагање на каков било имот, директно или индиректно, како и забрана за воспоставување или продолжување на деловен однос. Овие мерки се однесуваат и на:

- имот со кој целосно или делумно, директно или индиректно располагаат, го користат, го имаат во сопственост или го контролираат определените лица,

- имот кој потекнува или произлегува од имот со кој целосно или делумно, директно или индиректно располагаат, го користат, го имаат во сопственост или го контролираат определените лица или

- имот дополнително стекнат од страна на определените лица по различни основи.

5) „Имот“ се пари, фондови или други финансиски средства или економски ресурси, вклучително но не само инструменти за плаќање, хартии од вредност, депозити, друга сопственост од секаков вид и тоа материјална или нематеријална, движна или недвижна, други права врз предметите, побарувања, како и јавни исправи и легални документи за сопственост и актива во пишан или електронски облик или инструменти со кои се докажува правото на сопственост или интерес во таквиот имот;

6) „Тероризам“ е дејствие определено со Кривичниот законик како кривични дела Неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи од членот 231, Грабнување на воздухоплов, брод или неподвижна платформа од членот 302, Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај од членот 303, Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедност од членот 313, Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации од членот 322-а, Терористичка организација од членот 394-а, Тероризам од членот 394-б, Финансирање на тероризам од членот 394-в, Злосторство против човечноста од членот 403-а, Меѓународен тероризам од членот 419, Загрозување лица под меѓународна заштита од членот 420 и Земање заложници од членот 421 или друго дело на тероризам предвидено со Кривичниот законик или друго дејствие сторено со намера да предизвика смрт или тешка телесна повреда на граѓаните или на други лица кои не се вклучени во судир кој има карактер на вооружен судир според меѓународното право, со намера да се создаде чувство на несигурност или страв кај граѓаните или да се присили некоја држава или меѓународна организација да изврши или да се воздржи од извршување на определени дејствија;

7) „Консолидирана листа“ е листа на определени лица кон кои се воведени финансиски мерки против тероризам и ширење (распространување) на оружје за масовно уништување и негово финансирање;

8) „Други мерки согласно со меѓународното право“ се целосен или делумен прекин на дипломатските, финансиските и економските односи, на сообраќајните, воздушните, поштенските и други комуникации со една или повеќе држави во согласност со меѓународното право;

9) „Субјекти“ се лицата кои имаат обврска да ги преземаат мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам предвидени со Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 6**

(1) Рестриктивните мерки се итни и се применуваат без одлагање.

(2) Резолуциите на Советот за безбедност на Обединетите нации со кои се воведуваат рестриктивни мерки веднаш по нивното усвојување, а најдоцна во рок од 24 часа од усвојувањето се објавуваат на интернет страната на Министерство за надворешни работи и се применуваат од моментот на нивното објавување од страна на Министерството за надворешни работи.

(3) Не може да се поведе постапка за граѓанска или кривична одговорност за спроведување на рестриктивни мерки согласно со овој закон.

(4) За штетите кои можат да настанат со примената на овој закон не може да се поднесе барање за надоместок на штета против Република Македонија, органите за спроведување на рестриктивни мерки и/или субјектите.

(5) Податоците и информациите во постапките кои се водат согласно со овој закон се користат согласно со прописите за заштита на личните податоци и за безбедност на класифицирани информации.

## II. ВОВЕДУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ

**Член 7**

(1) Владата на Република Македонија, на предлог на надлежните органи од членот 8 од овој закон, донесува одлука за воведување, изменување и престанување на важење на рестриктивните мерки.

(2) Со одлуката од ставот (1) на овој член се определува:

а) видот на рестриктивната мерка;

б) органот за спроведување на рестриктивната мерка и/или

в) времетраењето на рестриктивната мерка.

(3) Одлуката на Владата на Република Македонија од ставот (1) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

(4) Определеното лице има право да поведе управен спор против одлуката од ставот (1) на овој член пред Управен суд согласно со Законот за управните спорови.

**Член 8**

(1) Министерството за надворешни работи до Владата на Република Македонија доставува предлог за донесување на одлука за воведување, изменување или престанување на важење на рестриктивни мерки усвоени од Советот на Европската Унија или правните акти на други меѓународни организации во кои членува Република Македонија во согласност со меѓународното право.

(2) Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање или Управата за финансиско разузнавање до Владата на Република Македонија доставуваат предлог за донесување на одлука за воведување, изменување или престанување на важење на финансиски мерки против тероризам и ширење (распространување) на оружје за масовно уништување и нивно финансирање (во натамошниот текст: финансиски мерки против тероризам и/или пролиферација).

(3) Министерството за надворешни работи за барањето од надлежен орган на друга држава, до Владата на Република Македонија доставува предлог за донесување на одлука за воведување, изменување или престанување на важење на финансиски мерки против тероризам и/или пролиферација, по добиеното мислење од органите од ставот (2) на овој член.

(4) Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање или Управата за финансиско разузнавање до Владата на Република Македонија доставуваат предлог за донесување на одлука за поднесување на барање до надлежен орган на друга држава, до надлежна институција на Европската Унија или до Советот за безбедност на Обединетите нации за воведување, изменување или престанување на важење на финансиски мерки против тероризам и пролиферација.

**Член 9**

(1) Предлогот од членот 8 ставовите (2), (3) и (4) од овој закон во прилог содржи листа на определени лица за кои постојат разумни основи за сомневање дека учествуваат или на кој било начин се поврзани со активности на тероризам и/или пролиферација.

(2) Листата на определени лица од ставот (1) на овој член содржи податоци за име и презиме на физичко лице или назив на правно лице, група или организација и други податоци кои ќе овозможат нивно прецизно идентификување.

## Член 10

(1) По барањето од членот 8 став (3) од овој закон, Министерство за надворешни работи постапува доколку истото:

- содржи податоци за име и презиме за физичко лице или назив на правно лице, група или организација и други податоци кои ќе овозможат нивно прецизно идентификување и
- е образложено и содржи факти кои укажуваат дека за лицето, групата или организацијата постојат, односно престанале да постојат разумни основи за сомневање дека учествуваат или на кој било начин се поврзани со активности на тероризам и/или пролиферација.

(2) Министерството за надворешни работи го известува надлежниот орган на другата држава за постапувањето по барањето од членот 8 став (3) од овој закон.

## Член 11

(1) Министерството за надворешни работи врз основа на одлуката од членот 8 став (4) од овој закон изготвува барање за воведување, изменување или престанување на финансиски мерки против тероризам и/или пролиферација.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член треба:

- да содржи податоци за име и презиме за физичко лице или назив на правно лице, група или организација и други податоци кои ќе овозможат нивно прецизно идентификување и
- да биде образложено и да содржи факти кои укажуваат дека за лицето/та, групата/те или организацијата/те постојат разумни основи за сомневање дека учествуваат или на кој било начин се поврзани со активности на тероризам и/или пролиферација.

(3) Министерството за надворешни работи барањето од ставот (1) на овој член во рок од пет дена од донесување на одлуката од членот 8 став (4) од овој закон го доставува до надлежен орган на друга држава или до надлежна институција на Европската Унија или до Советот за безбедност на Обединетите нации.

## Член 12

(1) Управата за финансиско разузнавање води ажурирана консолидирана листа и истата ја објавува на својата интернет страница.

(2) Министерот за финансии, на предлог на Управата за финансиско разузнавање ја пропишува формата, содржината и начинот на водење на консолидираната листа.

## Член 13

(1) Секое физичко и правно лице, државен орган и орган на единица на локалната самоуправа се должни при спроведувањето на воведените рестриктивни мерки да соработуваат со органите

за спроведување на рестриктивните мерки определени со одлуката на Владата на Република Македонија.

(2) Финансиските мерки ги спроведуваат субјектите.

(3) Органите за спроведување на рестриктивни мерки определени со одлуката на Владата на Република Македонија од членот 7 став (1) од овој закон во рок од три дена од спроведената рестриктивна мерка го известуваат Координативното тело од членот 20 став (1) од овој закон за секоја спроведена рестриктивна мерка.

**Член 14**

(1) Управата за финансиско разузнавање изготвува упатства за примена и постапување по финансиските мерки вклучително и финансиските мерки против тероризам и/или пролиферација, начинот на известување и соработка со субјектите.

(2) Упатствата од ставот (1) на овој член се објавуваат на интернет страната на Управата за финансиско разузнавање.

**Член 15**

(1) При спроведување на финансиска мерка определеното лице има право да поднесе барање до надлежниот суд заради одобрување на користење на дел од имотот, кој е неопходен за:

- подмирување на основните трошоци на живот,
- трошоци за породување, за смртен случај, наемнина, хипотека и други основни трошоци на определеното лице и другите членови на неговото семејство,
- лекови и лекување на определеното лице или на член на неговото семејство,
- плаќање на обврски спрема државата (даноци, такси, осигурување и др),
- подмирување на трошоци за редовно одржување на замрзнатиот имот и трошоци за правна помош.

(2) Надлежниот суд во рок од пет дена од добивањето на барањето од ставот (1) на овој член донесува решение за одобрување на барањето и ги утврдува условите за делумното користење на имотот или за одбивање на барањето.

(3) Решението од ставот (2) на овој член надлежниот суд го доставува до определеното лице од ставот (1) на овој член и до субјектот, во рок од три дена од денот на неговото донесување.

(4) Против решението од ставот (2) на овој член, определеното лице во рок од 48 часа од приемот на истото има право на жалба пред надлежен суд.

(5) Жалбата од ставот (4) на овој член не го одложува извршувањето на решението.

## Член 16

Совесни трети (bona fide) лица може да поднесат барање за обезбедување на самостојни права врз имотот предмет на финансиските мерки пред надлежниот суд во рок од шест месеци од објавувањето на одлуката на Владата на Република Македонија од членот 7 став (1) од овој закон во „Службен весник на Република Македонија“.

## Член 17

(1) Во случај кога основот за воведување на финансиската мерка против тероризам и/или пролиферација престанал да важи, надлежните органи од членот 8 ставови (1), (2), (3) и (4) од овој закон доставуваат предлог до Владата на Република Македонија за донесување на одлука за престанување на важење на мерката, најдоцна во рок од 24 часа од сознавањето за престанувањето на основот за нејзино воведување.

(2) Во случај кога основот за воведување на финансиската мерка против тероризам и/или пролиферација престанал да важи, определеното лице може да достави барање до Владата на Република Македонија за престанување на важење на воведената финансиска мерка против тероризам и/или пролиферација, најдоцна во рок од 30 дена од сознавањето за престанувањето на основот за нејзино воведување.

(3) Врз основа на предлогот од ставот (1) и барањето од ставот (2) на овој член, Владата на Република Македонија донесува одлука за престанување на важење на финансиската мерка против тероризам и/или пролиферација.

(4) Субјектите се должни да преземат дејствија за да ја прекинат примената на финансиската мерка против тероризам и/или пролиферација по објавувањето на одлуката на Владата на Република Македонија од ставот (3) на овој член во „Службен весник на Република Македонија“.

## Член 18

Органите за спроведување на рестриктивните мерки за примената или за прекинот на примената на рестриктивната мерка се должни во рок од три дена да го известат Координативното тело од членот 20 став (1) од овој закон.

## Член 19

Со имотот опфатен со финансиска мерка управува Агенцијата за управување со одземен имот согласно со закон.

Координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки

**Член 20**

(1) За координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки, Владата на Република Македонија на предлог од Министерството за надворешни работи формира Координативно тело, за период од четири години.

(2) Координативното тело од ставот (1) на овој член се состои од претседател кој е раководно лице од Министерството за надворешни работи и по еден член од редот на раководни лица од Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за финансии, Агенцијата за разузнавање, Царинската управа, Агенцијата за управување со одземен имот и Управата за финансиско разузнавање.

(3) Координативното тело од ставот (1) на овој член донесува Деловник за начинот на своето работење.

(4) Стручно - административните работи за Координативното тело ги врши Министерството за надворешни работи.

Евиденција

**Член 21**

(1) Министерството за надворешни работи води регистар за воведени рестриктивни мерки.

(2) Управата за финансиско разузнавање води евиденција за спроведени финансиски мерки вклучително и финансиски мерки против тероризам и пролиферација.

(3) Формата, содржината и начинот на водење на регистарот од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот за надворешни работи, а формата и содржината на евиденцијата од ставот (2) на овој член ја пропишува министерот за финансии.

Надзор

**Член 22**

(1) Надзорот над спроведувањето на рестриктивните мерки го врши Координативното тело.

(2) Надзорот над спроведувањето на финансиските мерки против тероризам и/или пролиферација над субјектите го вршат органите определени за надзор со Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

## III. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 23

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице доколку при спроведувањето на рестриктивните мерки:

- не ја спроведе воведената рестриктивна мерка и не соработува со органите за спроведување на рестриктивни мерки или не го извести Координативното тело согласно со членот 13 став 1 од овој закон и
- не ја прекине примената на рестриктивната мерка согласно со членот 17 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност на средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на исплата ќе се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

### Член 24

Одмерувањето на висината на глобата на правно лице и трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.

### Член 25

Прекршочната постапка ја води и прекршочната санкција ја изрекува надлежниот суд.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 26

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 27

Координативното тело од членот 20 од овој закон ќе се формира во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 28**

Постапките започнати до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат согласно со Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ број 36/11).

**Член 29**

Со денот на започнувањето на примената на овој закон, престанува да важи Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ број 36/11).

**Член 30**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2018 година.